# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став 5 од Законот за изменување и дополнивање на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10), во врска со член 45 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06) Судскиот Совет на Република Македонија на седницата, одржана на 26.08.2014 година донесе:

## Правилник
## за потребните видови на здравствените прегледи на лицата кои се избираат за судии или судии поротници

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат потребните видови на здравствените прегледи на лицата кои се избираат за судии или судии поротници.

**Член 2**

Лицето што се избира за судија или судија поротник треба да е работоспособно и да поседува општа здравствена способност.

**Член 3**

Лицето што се избира за судија или судија поротник се смета дека е психофизички способно, ако на лекарскиот преглед пред избор за судија или судија поротник се утврди дека не боледува од ниту едно заболување кое има влијание на неговата психофизичка и интелектуална способност, односно директно или индиректно влијание на намалување на општата здраствена способност на тоа лице.

**Член 4**

Оценката за општата здраствена способност на лицата кои се избираат за судии и судии поротници дава овластена медицинска установа во Република Македонија, на образец пропишан со закон, при што се спроведуваат сите видови на здравствените прегледи неопходни за утврдување на општата здравствена способност на кандидатите за судии или судии поротници.

**Член 5**

Трошоците за потребните здравствени прегледи ги поднесуваат кандидатите за судии и судии поротници.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| **Бр. 01 – 1525/1** | **СУДСКИ СОВЕТ** |
| **26 август 2014 година** | **НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **Скопје** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| | **Александра Зафировска** |